**ПОЈАСНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА НА ИНДИВИДУАЛНА СМЕТКА**

**(Ова појаснување се однесува само за деталниот извештај за пензиска заштеда кој е достапен единствено преку интернет страната на Друштвото во делот Лична сметка)**

ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА НА ИНДИВИДУАЛНА СМЕТКА бр. ____________________

за период од (ТУКА ВНЕСЕТЕ ГО ПЕРИОДОТ ЗА КОЈ САКАТЕ ИЗВЕШТАЈ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Состојба на ден | 31.12.2011 | Вкупен износ (МКД) | 3.885,06 |
| Број на сметководствени единици | 30,116014 | | |
| Вредност на сметководствената единица (МКД) | 129,003093 | | |

| Дата на трансакција (1) | Опис на трансакција (2) | Износ на трансакција (3) | Пресметан надомест од x% (4) | Нето прилив на индивидуална сметка (5) | | Вредност на сметководствената единица (6) | Салдо на индивидуалната сметка (7) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Денари (5а) = (3)-(4) | Број на СЕ (5б)=(5а)/(6) | | Број на сметководствени единици (7а) | Денари (7б)=(6)*(7а) |
| 15.03.2011 | п - 201102 | 2.000,00 | 90 | 1.910,00 | 15,10927534 | 126,412416 | 15,10927534 | 1.910,00 |
| 17.04.2011 | п - 201103 | 2.000,00 | 90 | 1.910,00 | 15,00673869 | 127,276155 | 30,11601404 | 3.833,05 |

1 Датум на уплата на придонесот на Вашата индивидуална сметка
2 Месец за кој се однесува уплатата на придонесот. Пример: п - 201102 значи уплатен придонес за месец февруари 2011 година) - овде може да има и други описи кои се дадени во Опис на трансакција
3 Износ на уплатениот придонес -дел од придонесот за пензиско осигурување кој се префрла во втор столб
4 Висина на наплатен надомест од страна на Вашето друштво изразен во денари (тука се презентираат наплатуваните надомести од придонеси во периодот за кој барате извештај)
5а Нето прилив на Вашата сметка (се добива кога од износот на уплатениот придонес се одземе наплатениот надомест од Вашето Друштво) изразен во денари
5б Нето прилив изразен во сметководствени единици (сметководствена единица е бројот на удели кои ги добивате во пензискиот фонд за износот на уплатениот придонес
(на пример за уплата од 1.000 мкд при можна вредност на сметководствената единица од 100,00 мкд ќе добиете 10 сметководствени единици)
6 Вредност на сметководствена единица (ова вредност покажува како расте или опаѓа вредноста на Вашите средства во пензискиот фонд)
7 Оваа позиција покажува како се движи салдото на Вашата сметка гледано преку акумулиран број на сметководствени единици и акумулиран износ на средства
7а Овде може да се следи како Ви се акумулираат сметководствените единици со секој уплатен придонес, при одредена вредност на сметководствената единица на тој датум
7б Овде може да следите како Ви се акумулираат средствата на Вашата сметка со секој уплатен придонес, при одредена вредност на сметководствената единица на тој датум

**Поважни информации од извештајот:**

**Вкупен износ** - Покажува колку средства имате на својата индивидуална сметка на крајниот датум на извештајот
**Број на сметководствени единици** - Покажува колку “удели“ имате во Вашиот задолжителен пензиски фонд на крајниот датум на извештајот
**Вредност на сметководствена единица** - покажува колку вреди една сметководствен единица (еден удел) во пензискиот фонд на крајниот датум на извештајот

**Напомена1 :** Во моментот кога ќе остварите право на пензија согласно Закон, износот на средствата кои ги имате во пензискиот фонд ќе се утврдат со множење на бројот на акумулирани сметководствени единици (нивното салдо) со вредноста на сметководствената единица во дадениот момент.

**Напомена2 :** Вредноста на сметководствената единица е променлива и таа се пресметува на дневна основа.

**Напомена3 :** Приносот на Вашата индивидуална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот задолжителен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд

**Напомена4 :** Ова е хипотетички пример и вистинските вредности се прикажуваат кога ќе се логирате на Вашата лична сметка со Вашите корисничко име и шифра